| | |
|---|---|
| **Неделна тема** | Македонско народно творештво |
| **Содржина на денот** | Фрагмент од народна носија |
| **Возраст** | 3 до 4 години |
| **Воспитувач** | Анета Ивановска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Физичко растојание при прошетки на отворено и редовно миење раце после прошетка. |
| **Активност** | Започнете го денот со слушање на Македонската народна песна „Македонско девојче“. Потоа објаснете му на детето дека во минатото нашите предци носеле поинаква облека и покажете му слики од народна носии (слики 1, 2 и 3). Именувајќи ги запознајте го со деловите од носијата како: (фута, елек, кошула, марама, колан, чорапи, торба) дозволете му да ги разгледа и воочува шарите и боите кои се застапени (слика 4). Запрашајте го детето кој дел од носијата би сакало да го декорира и да ги издвои боите на боиците кои се застапени (слика 5 и 6). Творбата закачете ја на видно место, пофалете го за делото и продолжете да слушате народна музика и заиграјте го основното оро. |